МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Врз основа на член 38 став (5) од Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.19/23), министерот за финансии донесе

## ТАРИФНИК ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА ПАРИЧНИОТ НАДОМЕСТОК ЗА ОБУЧУВАЧИ ЗА СПЕЦИЈАЛИЗИРАНА ОБУКА ЗА ФИНАНСИСКИ ИНСПЕКТОР

### Член 1

Со овој тарифник се утврдува висината на паричниот надоместок за обучувачи за специјализирана обука за финансиски инспектор (во натамошниот текст: обуката), спроведена согласно со програма за обуки за вршење финансиска инспекција.

### Член 2

(1) Висината на паричниот надоместок се утврдува во зависност од времетраење на обуката во часови, сложеноста на обуката и потребата од подготовка на материјали за спроведување на обуката.

(2) Времетраењето на обуката може да биде од 2 (два) до 8 (осум) часа дневно.

### Член 3

(1) Висината на паричниот надоместок за обучувачи за обуката од член 1 од овој тарифник е утврдена во следната табела:

| **Паричен надоместок за обучувач по основ на сложеноста на обуката** | | **Паричен надоместок за обучувач по основ на потребата од подготовка на материјали (изразено во денари)** |
|---|---|---|
| **Теоретска (изразено во денари/час)** | **Практична/Студии на случај (изразено во денари/час)** | |
| 1.200,00 | 800,00 | 1.000,00 |

(2) Висината на вкупниот паричен надоместок за обучувач за обуката се пресметува така што износот утврден по сложеноста на обуката се множи со бројот на часови за кои бил ангажиран обучувачот и се собира со износот на потребата од подготовка на материјали.

### Член 4

Овој тарифник ќе започне да се применува од денот на неговото донесување.

Бр. 22-7887/1
23-11-2023.2023 година
Скопје

Министер за финансии,
dr. Fatmir Besimi, с.р.